Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**Ип. 1 бр. 57-102**
**Датум:** 16.12.2020 г.

Архивски знак:________________
Рок на чување:______________год.
________________20____ год.
Потпис,
________________

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Зоран Маркозанов, виш инспектор со службена легитимација број 24-0002, изврши вонреден инспекциски надзор нал субјектот на инспекцискиот надзор, Здружението на граѓани “ од Скопје со деловно седиште на ул. Скопје, со ЕДБ , застапувано од претседател и со Записник Ип. 1 бр. 57-102 од 16.12.2020 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 т. 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) Се опоменува Здружението на граѓани од Скопје, да достави наративен и финансиски извештај за реализација на проектот „Скршен аватар“ од , согласно со обврската од членот 68 став (3) од Законот за културата, како и член 6 став (2) од Договорот со Министерството за култура, како и да ги исплати ненамирени обврски за надомест за лектура и за компјутерска обработка, како и персонален данок за исплатените хонорари, вклучително и за авторот на книгата .
2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 30 дена од приемот на Решението со опомена.
3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 68 став (1) и (3) и член 82 став (1) од Законот за културата, преку Зоран Маркозанов, виш инспектор со службена легитимација број 24-0002, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор,


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Здружението на граѓани „[redacted]“ од Скопје со деловно седиште на ул. [redacted]е, со ЕДБ: [redacted], застапувано од [redacted], претседател и состави Записник Ип. 1 бр. 57-102 од 16.12.2020 година, во којшто е констатирано дека Здружението на граѓани „[redacted]“ од Скопје нема доставено извештај за реализација на проектот „Скршен аватар“ од [redacted], што е обврска согласно со член од членот 68 став (3) од Законот за културата, како и член 6 став (2) од Договорот со Министерството за култура. При изрекувањето на инспекциската мерка – опомена за отстранување на утврдената неправилност предвид се земени член 79 став (2) точка 6 и член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ” бр. 102/19).

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-102 од 16.12.2020 година.

Виш инспектор
со службена легитимација број 24-0002,
Зоран Маркозанов



Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk